**20140270933**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2014 година.

Бр. 07-663/1
3 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13 и 163/13), во членот 38 ставот (6) се менува и гласи:

“Во случаите од ставот (4) на овој член лиценцата се одзема по службена должност, а во случаите од ставот (5) на овој член лиценцата се одзема врз основа на предлог на градежен или овластен градежен инспектор со записник за констатирана неправилност, а за градбите од втора категорија од членот 57 од овој закон и врз основа на предлог на органот надлежен за издавање на одобрение за градење од членот 58 од овој закон, за овој вид на градби, со записник за констатирана неправилност. Лиценцата се одзема со решение на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од обласа за уредувањето на просторот од денот кога решението за одземање на лиценца станало правосилно. Против решението не може да се поднесе жалба, а е дозволена тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.“

Ставот (8) се менува и гласи:

“Правно лице чија лиценца е одземена поради неправилностите наведени во ставовите (4) и (5) на овој член не може да добие лиценца согласно со одредбите од овој закон. Одговорното лице во правното лице на кое му е одземена лиценцата поради неправилностите наведени во ставот (4) на овој член, не може да основа друго правно лице за вршење на истата дејност која ја вршело правното лице на кое му е одземена лиценцата согласно со овој закон, во рок од една година од денот на правосилноста на

решението за одземање на лиценцата. Одговорното лице во правното лице - изведувач на градби, на кое му е одземена лиценцата поради неправилностите наведени во ставот (5) на овој закон, не може да основа друго правно лице за вршење на истата дејност која ја вршело правното лице на кое му е одземена лиценцата согласно со овој закон, во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата, а одговорното лице во правното лице за надзор над изградбата на градби и одговорното лице во правното лице за ревизија на проектна документација на кое му е одземена лиценцата поради неправилностите наведени во ставот (5) на овој закон, не може да основа друго правно лице за вршење на истата дејност која ја вршело правното лице на кое му е одземена лиценцата согласно со овој закон, во рок од пет години од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата.“

Член 2

Во членот 39 ставот (6) се менува и гласи:

“Во случаите од ставот (4) на овој член овластувањето се одзема по службена должност, а во случаите од ставот (5) на овој член овластувањето се одзема врз основа на предлог на градежен или овластен градежен инспектор со записник за констатирана неправилност или врз основа на предлог на органот надлежен за издавање на одобрение за градење од членот 58 од овој закон со записник за констатирана неправилност или по службена должност. Овластувањето се одзема со решение на претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери од денот кога решението за одземање на лиценца станало правосилно. Против решението не може да се поднесе жалба, а е дозволена тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.“

Ставот (8) се менува и гласи:

“Физичко лице чие овластување е одземено поради неправилностите наведени во ставот (4) на овој член, не може да добие овластување согласно со одредбите од овој закон за вршење на работите за кои е донесено решение за одземање на овластување, во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на овластувањето. Физичко лице со овластување инженер за изведба чие овластување е одземено поради неправилностите наведени во ставот (5) на овој член, не може да добие овластување за инженер за изведба, во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на овластувањето, а физичко лице со овластување за ревизија на проектна документација и физичко лице со овластување за надзорен инженер чие овластување е одземено поради неправилностите наведени во ставот (5) на овој член, не може да добие овластување за ревизија на проектна документација, односно овластување за надзорен инженер, во рок од пет години од денот на правосилноста на решението за одземање на овластувањето.“

Член 3

Во членот 59 став (11) по втората реченица се додава нова реченица која гласи: “Барателот е должен надоместокот за уредување на градежно земјиште да го плати или да го уреди плаќањето на начин утврден во ставот (12) на овој член, во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето со пресметка за плаќање на надоместокот.“

Ставот (12) се менува и гласи:

“Доколку барателот, односно инвеститорот во рокот од ставот (11) на овој член не го плати надоместокот за уредување на градежно земјиште, односно не склучи договор со општината за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати или не склучи договор со кој е утврдено дека ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок или не

достави банкарска гаранција за плаќање на надоместокот или не востанови хипотека во корист на општината или не е донесен акт врз основа на кој барателот, односно инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот, надлежниот орган ќе го одбие барањето за добивање на одобрение за градење.“

Член 4

Во членот 163 став (3) износите “од 1.000 до 2.000 евра“ се заменуваат со износите “од 3.000 до 5.000 евра“.

Член 5

Постапките за одземање на лиценци и овластувања кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно со одредбите од законот по кој се започнати.

Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за градење.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.